# АДИНГПОКС И

*Ниско-вискозна двокомпонентна епоксидна смола наменета за инјектирање*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

При санација на бетонски и АБ конcттукции Адингпокс И се користи за исполнување на пукнатини во конструкцијата преку налевање и инјектирање под притисок. Притоа, се овозможува остварување конструктивна врска помеѓу бетонските елементи и враќање на носивост на конструкцијата која се санира. Дополнително, материјалот формира ефикасна бариера за спречување на продор на вода во пукнатините.
Поради ниската вискозност на прозводот, Адингпокс И се применува за залевање и инјектирање на пукнатини со ширина поголема од 0,1 mm.
Адингпокс И вообичаено се користи за санација на бетонски конструкции кај инженерски и инфраструктурни објекти, хидротехнички објекти и индустриски објекти изложени на хемиска агресија (пр. мостови, тунели, резервоари, станици за пречистување на отпадни води, пристанишни објекти и др.)

## СВОЈСТВА

- Нисковискозна двокомпонентна смола;
- Не содржи растворувачи;
- Одлична атхезија за сува и влажна подлога;
- Висока јакост на притисок;
- Висока хемиска и механичка отпорност;
- Водонепропусност;
- Можност за апликација со инјектирање;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ |
|---|---|---|
| Изглед на А компонента | / | Транспарентна вискозна течност |
| Изглед на Б компонента | / | Транспарентна вискозна течност |
| Однос на мешање: | / | А : Б = 2 : 1 |
| Густина на мешање: | EN ISO 2811-1 | ≈ 1,10 g/cm$^3$ |
| Отворено време на работа при Т=23°C | EN ISO 9514 | 30 - 60 минути |
| Јакост на притисок<br>На 7 дена<br>На 28 дена | EN 12190 | <br>≥ 40 Mpa<br>≥ 50 Mpa |
| Јакост на свиткување | EN 12190 | ≥ 30 Mpa |
| Јакост на атхезија | EN 1542 | ≥ 2 Mpa |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА
## 1. ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Пукнатините кои се обработуваат со Адингпокс И треба да бидат чисти, без присуство на масла, прашина или задржана вода. Препорачливо е пред апликацијата да се исчистат со компримиран воздух.
Доколку се врши залевање / инјектирање на плоча со АБ платно кај кое пукнатините се јавуваат преку целиот бетонски пресек, истите е потребно да се обработат од едната страна (долната страна кај плочи) со цел да се спречи протекување на епоксидната смола при вградувањето. Затворањето на пукнатините во бетонската плоча се врши со епоксиден малтер, или пак со соодветен цементно–полимерен репаратурен





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

малтер. Температурата на подлогата на која се врши залевање, како и на воздухот треба да биде во границите од +10°C до +30°C.

## 2. ВГРАДУВАЊЕ

### ПОДГОТВУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛОТ

Материјалот се подготвува на тој начин што најнапред се промешуваат А и Б компонентата одделно, а потоа се мешаат меѓу себе до хомогенизација. Компонентите А и Б се мешаат во точно дефинираниот однос со бавен електричен мешач (максиум до 300 вртежи во минута), со цел да се избегне вовлекување на воздух во смесата.

### ИНЈЕКТИРАЊЕ НА ПУКНАТИНИ

Адингпокс И може да се вградува со инјектирање под притисок со користење на инјекциона пумпа за едно-компонентни материјали (во рамките на отвореното време за работа на производот). Инјектирањето се врши преку пакери, кои се опремени со неповратна дизна. Пакерите се поставуваат во отвори избушени директно во пукнатината или под агол – при што пакерот треба да ја пресекува пукнатината. По поставување на пакерите, пукнатината потребно е да се затвори со епоксиден кит со цел да се спречи истекување на материјалот при инјектирањето. Растојанието на кое се поставуваат пакерите зависи од ширината и длабочината на пукнатината. Најдобри резултати се постигнуваат кога инјектирањето се врши во неколку фази. За подобра контрола на ефектот од инјектирањето може да се оставаат контролни пукнатини преку кои ќе се следи продирањето на смолата низ пукнатините. Кај вертикални пукнатини, инјектирањето на Адингпокс И се врши континуирано од најнискиот пакер нагоре, со цел да се спречи "заробување" на воздух во пукнатината.

Притисокот под кој се врши инјектирањето потребно е да се прилагоди на типот на конструкцијата со цел да не дојде до дополнително оштетување на бетонот.

### ЗАЛЕВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНИ ПУКНАТИНИ

При санација на хоризонтални бетонски елементи, Адингпокс И може да се аплицира со директно залевање во пукнатините, по гравитационен пат (без притисок). Притоа, од горната страна на плочата која се санира пукнатините кои се залеваат препорачливо е да се отворат (прошират) со цел смолата полесно да продре во самата пукнатина.

## ПОТРОШУВАЧКА

Потрошувачка на Адингпокс И изнесува ≈ 1,10 $g/cm^3$.

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Растворувач П, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во сет од 3,30 kg.
Во сет од 18,00 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од +10ºC до +30ºC. Рок на употреба 9 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Информациите се дадени во Безбедносниот лист за производот.
Чистење и депонирање: Неврзаните остатоци од Адингпокс И се чистат со Растворувач П и старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните

РЕПАРАЦИЈА НА БЕТОНИ


АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист за производот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk